Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 42, став 5 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 43 седница одржана на 23.02.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација бр.02-180/1 од 12.02.2010 година**

1. Во Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје бр.02-180/1 од 12.02.2010 година (во понатамошниот текст: Одлука за критериумите за распоредување), во точка 2, алинеја 1, бројот „1” се заменува со бројот „0,33”.

2. Во Одлуката за критериумите за распоредување, во точка 2, алинеја 4, бројот „15.000.000” се заменува со бројот „10.000.000”.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од првото следно утврдување на распоредите на хартиите од вредност по режим на тргување.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**